Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] - Скопје, за сечење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво ( цреша), што се наоѓа во дворот на барателот на **ул. "Кумановска" бр. 12Б – Скопје.**
2. Сечењето на дрвото да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обврзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 дрво , постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исеченото стебло.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

[redacted] **- Скопје, ул. "Ѓорѓи Сугаре" бр.14-1/30 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/108** од **27.02.2024** година, за сечење на дрво што се наоѓа во дворот на барателот на **ул. "Кумановска" бр. 12Б – Скопје.**
Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, дрвото предмет на барањето е неродно и старо, чиј корен го подига темелот на објектот, истото се наоѓа на цевковод од одводна канализација и прави материјална штета, како и дека и не постојат услови за пресадување.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрво се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен

број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека поради состојба во која се наоѓа дрвото не постојат услови за пресадување на дрвото, при што на барателот му е наметнато компензациско садење.
Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/108/2**
**19.03.2024** година
Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**